**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно член 485 од Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и  Предлогот на Одборот на директори за распределување на задолжителна општа резерва на Друштвото (Арх.бр. 112627/1 од 16.03.2016 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 12.04.2016 година ја донесе следната

## Предлог Одлука

### за распределување на задолжителна општа резерва на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото го распределува износот од 279.145.260,00 денари кој ја надминува законски задолжителната општа резерва на Друштвото, заради присоединувањето на Т-Мобиле Македонија кон Македонски Телеком АД – Скопје, во акумулираната добивка на Друштвото.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**